Службен весник на Република Македонија

Број 102 **9 јули 2014, среда** **година LXX**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
2916.	**Исправка** на Законот за изменување и дополнување на Законот за мирно решавање на работните спорови.....	**2**
2917.	**Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Дирекцијата за заштита и спасување.....	**2**
2918.	**Одлука** за пренесување на недвижна ствар во сопственост на општина Пробиштип.....	**2**
2919.	**Одлука** за пренесување на недвижни ствари во сопственост на општина Пробиштип.....	**3**
2920.	**Одлука** за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Фондот за осигурување на депозити Скопје.....	**3**
2921.	**Одлука** за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија	**3**
2922.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.....	**3**
2923.	**Одлука** за изменување на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје.....	**4**
2924.	**Одлука** за изменување на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје.....	**4**
2925.	**Одлука** за давање согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2014 година.....	**5**
2926.	**Одлука** за давање согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2014 година	**5**
2927.	**Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државен инспекторат за техничка инспекција	**5**
2928.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони	**11**
2929.	**Решение** за именување в.д. директор на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје	**11**

		Стр.
2930.	**Правилник** за начинот на пресметување на наградата за извршеното вештачење или супер вештачење и надоместокот за реално потребните трошоци	**11**
2931.	**Одлука** за издавање кована пара за колекционерски цели	**56**
2932.	**Одлука** за издавање кована пара за колекционерски цели	**56**
2933.	**Одлука** за изменување на Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија	**57**
2934.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија	**59**
2935.	**Правилник** за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за работа со хартии од вредност	**59**
2936.	**Правилник** за условите и начинот за давање одобрение за издавање, односно за регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија	**64**
2937.	**Правилник** за условите и начинот за добивање одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство	**65**
2938.	**Одлука** за влегување во сила на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија	**66**
	Огласен дел	**1-76**

ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2916.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за мирно решавање на работните спорови (“Службен весник на Република Македонија” број 27/14) е направена грешка поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

Во членот 30 со кој се менува членот 37 во ставот 3 наместо бројот

„31-а" треба да стои бројот „44".

Бр. 10-2706/2
9 јули 2014 година
Скопје

Од Законодавно-правната Комисија на Собранието на Република Македонија

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2917.

Врз основа на член 9-а став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 35/10, 84/12 и 43/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.6.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат без надомест нафтени деривати на Дирекцијата за заштита и спасување 80 илјади литри еуросупер БС 95.

Нафтените деривати од став 1 на овој член се отстапуваат за ставање во функција на авионите АТ - 802 Fire Boss.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортни и манипулативни трошоци за преземање на отстапените нафтени деривати паѓаат на товар на Дирекцијата за заштита и спасување.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 42-3860/1
25 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

2918.

Врз основа на член 17-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија” бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12 и 137/13, 188/13 и 27/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.6.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Член 1

Со оваа одлука на општина Пробиштип се пренесуват во сопственост без надомест недвижни ствари објект-зграда сопственост на Република Македонија евидентирани во Имотен лист бр. 4844 за Катастерска општина Пробиштип, и тоа:

- КП бр.1017 улица “Миро Барага“ бб, зграда 1 , намена на зградата-Б4, влез 1, приземје, намена на посебен дел од зграда - Деловен простор, со внатрешна површина од 86 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-3886/2
27 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

2919.

Врз основа на член 17-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12 и 137/13, 188/13 и 27/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.6.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Член 1

Со оваа одлука на општина Пробиштип и се пренесуваат во сопственост без надомест недвижни ствари-објект кој се наоѓа на ул. Јаким Спиров бр. 8 сопственост на Република Македонија, запишан во Имотен лист бр. 5576 за КО Пробиштип, и тоа:

- КП бр.1018 дел 15, зграда 1, намена на зграда и други објекти Б4, намена на посебен дел од зграда ДП, влез 1, кат 01, внатрешна површина од 968 м2,
- КП бр.1018 дел 15, зграда 1, намена на зграда и други објекти Б4, намена на посебен дел од зграда ДП, влез 1, кат ПО, внатрешна површина од 359 м2 и
- КП бр.1018 дел 15, зграда 1, намена на зграда и други објекти Б4, намена на посебен дел од зграда ДП, влез 1, кат ПР, внатрешна површина од 737 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-4135/2
27 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

2920.

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија" бр.63/00, 29/02, 43/02, 49/03, 81/08, 158/10 и 43/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.6.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Фондот за осигурување на депозити Скопје, усвоена од Управниот одбор на Фондот, бр. 02-176/1, на седницата, одржана на 26.6.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-4177/1
27 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

2921.

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012, 25/2013, 137/2013 и 163/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.6.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со јавно наддавање да се отуѓи градежно земјиште сопственост на Република Македонија, градежна парцела бр.1.1 предвидена со Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино за локалитет Ограѓа, кое преставува:

- дел од КП бр.1219/1 КО Илинден со површина од 9289м2, евидентирана во Имотен лист број 10054;
- дел од КП бр.1219/3 КО Илинден со површина од 50м2, евидентирана во Имотен лист број 10143 и
- КП бр.2831/4 КО Илинден со површина од 629м2, евидентирана во Имотен лист број 10053, врз основа на Согласноста број 03-4713/1, на Министерството за труд и социјална политика со кое се откажало од потребата за изградба на градби од јавен интерес утврдени со закон.

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе општина Илинден согласно Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за општина Илинден број 51-5081/1 од 28.9.2011 година („Службен весник на Република Македонија", број 140/11).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-4223/1
27 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

2922.

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" број 8/2005, 150/207, 35/2011, 166/2012, 137/2013, 188/2013 и 27/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.6.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за надворешни работи му престанува користењето на движни ствари, -моторни возила, со следните карактеристики:

1. Патничко моторно возило
- марка FIAT
- тип BRAVA 1,6 SH
- број на шасија ZFA18200004082661,
- број на мотор 9532098
- регистарска ознака SK-626-A9
- година на производство 1996 година
- работна зафатнина на моторот 1600 см3
- сила на моторот 66kw/ks

- боја на каросеријата- металик виолетова 7-D
2. Патничко моторно возило комбе
- марка OPEL - VIVARO
- тип Valiant
- број на шасија WOLJ7BHB67V633348 (01)
- број на мотор X83/FH11/9B49AV056AB9
- регистарска ознака CDY409
- година на производство 2007 година
- работна зафатнина на моторот 1995 см3
- сила на моторот 84 kw
- боја на каросеријата- црна.

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Член 3

Министерот за надворешни работи склучува договор со директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-4270/1
27 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

2923.

Врз основа на член 15 став (5) и член 71 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012 25/2013, 137/2013 и 163/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.06.2014 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ДАВАЊЕ ПОД ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА ЕВН ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, СКОПЈЕ

Член 1

Во Одлуката за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, акционерско друштво Скопје („Службен весник на Република Македонија ", бр. 177/13), членот 1 се менува и гласи:

"Со оваа одлука се дава согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и за склучување договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со непосредна спогодба за изградба на објекти од јавен интерес на правното лице ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, со седиште во Скопје, ул.„11 Октомври" бр. 9, за поставување на кабелска подземна врска односно подземно каблирање на постоечки 35 кв Далновод Штип-1 "Овче Поле" до ТС 110/35 кв "Штип -1" на делот од економска зона во општина Штип, кое претставува:

- КП бр.323/1 КО Три Чешми вон град со површина од 170 м2 и
- КП бр.322/1 КО Три Чешми вон град со површина од 28 м2, евидентирани во Имотен лист бр. 270 од 8.4.2014 година. "

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-4271-1
27 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

2924.

Врз основа на член 15 став (5) и член 71 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012 25/2013, 137/2013 и 163/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.6.2014 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ДАВАЊЕ ПОД ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА ЕВН ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, СКОПЈЕ

Член 1

Во Одлуката за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, акционерско друштво Скопје („Службен весник на Република Македонија", број 128/13), членот 1 се менува и гласи:

"Со оваа одлука се дава согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и за склучување договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со непосредна спогодба на правното лице ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, со седиште во Скопје, ул.„11 Октомври" бр. 9, за изградба на објект од јавен интерес- поставување на кабелска подземна врска односно подземно каблирање на постоечки 35 кв Далновод Штип-1 "Овче Поле" до ТС 110/35 кв "Штип -1 " на делот од новата Економска зона во Општина Штип, кое претставува:

- КП бр.141 КО Штип-1 со површина од 316 м2, евидентирана во Имотен лист бр.1 од 08.04.2014 година;
- КП бр.146 КО Штип-1 со површина од 448 м2, евидентирана во Имотен лист бр.3 од 08.04.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-4272/1
27 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

2925.

Врз основа на член 13 алинеја 2 од Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.6.2014 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА ЗА 2014 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2014 година, донесен од Советот за унапредување и надзор на ревизијата, на седницата одржана на 31.1.2014 година, под бр. 01 -31/1 .

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-4280/1
27 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

2926.

Врз основа на член 13 алинеја 2 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010, 135/2011, 183/2013 и 43/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 27.6.2014 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА ЗА 2014 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2014 година, донесена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата, на седницата, одржана на 26.3.2014 година, под број 01-178/1.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-4281/1
27 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

2927.

Врз основа на член 54 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр.08/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13 и 27/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 4.7.2014 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука, на досегашниот корисник Министерството за економија му престанува користењето на движните ствари и тоа:

I - ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА

Реден број	Инвентарен број	Назив и карактеристика на движни ствари	Вредност заведена во сметководствена евиденција
1	88403	Компјутер FUJITSU AM	30.554
2	88404	Компјутер FUJITSU AM	30.553
3	88405	Компјутер FUJITSU AM	30.553
4	88406	Компјутер HP PRO 340	33.580
5	88407	Компјутер HP PRO 340	33.580
6	88408	Компјутер HP PRO 340	33.580
7	88409	Компјутер HP PRO 340	33.580
8	88410	Компјутер HP PRO 340	33.580
9	88411	Компјутер HP PRO 340	33.580
10	88412	Компјутер HP PRO 340	33.580
11	88413	Компјутер HP PRO 340	33.580
12	88414	Компјутер HP PRO 340	33.580
13	88415	Компјутер HP PRO 340	33.593
14	88416	Компјутер HP PRO 340	33.593
15	88417	Компјутер HP PRO 340	33.593
16	88418	Компјутер HP PRO 340	33.593
17	88419	Монитор FUJITSU L20T	5.299
18	88420	Монитор FUJITSU L20T	5.299
19	88421	Монитор FUJITSU L20T	5.299
20	88422	Монитор FUJITSU L20T	5.298
21	88423	Монитор FUJITSU L20T	5.298
22	88424	Монитор FUJITSU L20T	5.298
23	88425	Монитор FUJITSU L20T	5.298
24	88426	Монитор FUJITSU L20T	5.298
25	88427	Монитор FUJITSU L20T	5.298
26	88428	Монитор FUJITSU L20T	5.298
27	88429	Монитор FUJITSU L20T	5.298

28	88430	Монитор FUJITSU L20T	5.298
29	88431	Монитор FUJITSU L20T	5.298
30	88432	Принтер SAMSUNG ML-2	3.390
31	88433	Принтер SAMSUNG ML-2	3.390
32	88434	Принтер SAMSUNG ML-2	3.390
33	88435	Принтер SAMSUNG ML-2	3.390
34	88436	Принтер SAMSUNG ML-2	3.390
35	88501	Персонален компјутер	12.614
36	88502	Персонален компјутер	12.614
37	88503	Персонален компјутер	12.614
38	88504	Персонален компјутер	12.614
39	88575	Компјутерски систем	20.898
40	88576	Компјутерски систем	20.898
41	88577	Компјутерски систем	20.898
42	88578	Компјутерски систем	20.898
43	88579	Компјутерски систем	20.898
44	88580	Компјутерски систем	20.898
45	88581	Компјутерски систем	20.898
46	88582	Компјутерски систем	20.898
47	88583	Компјутерски систем	20.898
48	88584	Компјутерски систем	20.898
49	419	Персон. компјутер DEL	0
50	420	Персон. компјутер DEL	0
51	88500	Персонален компјутер	12.614
52	88526	Монитор	2.432
53	88527	Компјутер	5.519
54	88528	Тастатура	292
55	88529	Маус	286
56	88530	Звучници	293
57	88531	Принтер	1.662
58	88532	Монитор	2.433
59	88533	Компјутер	5.519
60	88534	Тастатура	291
61	88535	Маус	291
62	88498	Лап топ ASER AS5750-	25.589
63	88585	Преносен компјутер	25.435
64	88589	Преносен компјутер	25.435
65	88590	Таблет компјутер	10.966
66	88591	Таблет компјутер	10.966
67	314	Компјутер	0
68	315	Компјутер	0
69	316	Компјутер	0
70	329	Принтер HP 4L	0
71	331	Принтер HP 5L	0
72	333	Принтер HP 5L	0
73	88537	Принтер	1.664
74	455	Штампач MINOLTA PAGE	0
75	88594	Печатар SAMSUNG	1.832

II - ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА

Реден број	Инвентарен број	Назив и карактеристика на движни ствари	Вредност заведена во сметководствена евиденција
1	88441	Камера	5.908
2	88496	Камера НИКОН	7.198
3	88440	Камера	5.906
4	88623	ГПС Навигатор	17.601
5	88497	ГПС Навигатор	9.341
6	88499	Навигација KOLORADO 300	19.928
7	88078	Инструмент за мерење на квалитет на електрична енергија	203.450
8	88079	Инструмент за мерење на квалитет на електрична енергија	203.450
9	88080	Инструмент за мерење на квалитет на електрична енергија	203.451
10	88592	Ласерски метар на ра	6.696
11	88593	Ласерски метар на ра	6.696
12	353	Еркодишен "MEPRING"	0
13	354	Еркодишен "MEPRING"	0

III – КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛ И ОПРЕМА

Реден број	Инвентарен број	Назив и карактеристика на движни ствари	Вредност заведена во сметководствена евиденција
1	10	Телефон "PANASONIK"	0
2	88453	Биро 80*150*75	46.249
3	88454	Комода 150*190*40	44.246
4	88455	Закачалка 100*142*30	25.287
5	88456	Конференциска маса 2	41.544
6	88457	Стол 68А HROM	9.20
7	88458	Стол за конференциска	4.626
8	88459	Стол за конференциска	4.626
9	88460	Стол за конференциска	4.626
10	88461	Стол за конференциска	4.626
11	88462	Стол за конференциска	4.626
12	88463	Стол за конференциска	4.626
13	88464	Стол за конференциска	4.626
14	88465	Стол за конференциска	4.626
15	88466	Фотеља	5.134

16	88467	Канцеларско биро 12	12.644
17	88468	Канцеларско биро 12	12.644
18	88469	Канцеларско биро 12	12.644
19	88470	Канцеларско биро 12	12.644
20	88471	Канцеларско биро 12	12.644
21	88472	Канцеларско биро 12	12.644
22	88473	Канцеларско биро 12	12.644
23	88474	Канцеларско биро 12	12.644
24	88475	Канцеларско биро 12	12.644
25	88476	Канцеларско биро 12	12.644
26	88477	Канцеларско биро 12	12.644
27	88478	Канцеларско биро 12	12.644
28	88479	Канцеларско биро 12	12.644
29	88480	Фиокара подвижна 50*	6.177
30	88481	Стол СМН 9014	4.184
31	88482	Стол СМН 9014	4.184
32	88483	Стол СМН 9014	4.184
33	88484	Стол СМН 9014	4.184
34	88485	Стол СМН 9014	4.184
35	88486	Стол СМН 9014	4.184
36	88487	Стол СМН 9014	4.184
37	88488	Стол СМН 9014	4.184
38	88489	Стол СМН 9014	4.184
39	88490	Стол СМН 9014	4.184
40	88491	Стол СМН 9014	4.184
41	88492	Стол СМН 9014	4.184
42	88493	Стол СМН 9014	4.184
43	88494	Помошна маса	20.556
44	88495	Фотеља	5.139
45	247	Маса за состаноци	0
46	367	Столици PREZIDENCIAL	0
47	368	Столици-BRACCIOLI	0
48	369	Столици-BRACCIOLI	0
49	370	Столици-BRACCIOLI	0
50	371	Столици-BRACCIOLI	0
51	372	Столици-BRACCIOLI	0
52	374	Столици-BRACCIOLI	0
53	375	Столици-BRACCIOLI	0

54	20038	Канцелариско биро	0
55	20039	Канцелариско биро	0
56	20040	Канцелариско биро	0
57	20092	Работно биро 30-10-2	0
58	20041	Канцелариско биро	0
59	20037	Канцелариско биро	0
60	20045	Столица вртлива	0
61	80004	Работно биро	0
62	20027	Работно биро 30-10-2-150	0
63	20093	Работно биро 30-10-2	0
64	20076	Метален ормар КВП	0
65	20085	Двокрилен ормар	0
66	20086	Двокрилен ормар	0
67	20191	Метална закачалка	0
68	20209	Метални тапацирани с	0
69	20214	Полуфотељи	0
70	88021	Полуфотељи	0
71	88022	Полуфотељи	0
72	20131	Полуфотељи	0
73	20190	Полуфотељи	0
74	20051	Шифоњер дрвен	0

IV- ПАТНИЧКИ МОТОРНИ ВОЗИЛА

Реден број	Марка на возило	Тип на возило	Регистарски број	Број на мотор	Година на производство	Број на шасија	Вредност заведена во сметководствена евиденција
1	Mercedes	E - 200	SK–868-SZ	102912-10-Z06222	1994	WDB1240231A023016	0
2	VW	PASSAT TDI	SK–8247-AB	1Z395710	1994	WWWZZZ3AZSE126090	270.000
3	VW	PASSAT CL	SK–614-VS	PF088673	1989	WWWZZZ31ZKE321633	73.125
4	VW	GOLF 3	SK–994-VG	ABD339415	1994	WWWZZZ1HZRB061142	71.500
5	PEUGEOT	PARTNER	SK–8202-AB	10DXAN 600 62 77	1999	VF35CWJZE60228280	225.000
6	RENAULT	LAGUNA GRAND TOUR RXE 1.9 TDI	SK–4675-AD	F9QF716C039838	1998	VF1K56JO519427905	127.500
7	LADA	NIVA	SK–183-OF	21214A/7923168	2005	XTA21214051779329	0

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Државниот инспекторат за техничка инспекција.

Член 3

Министерот за економија склучува договор со директорот на Државниот инспекторат за техничка инспекција со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија."

Бр. 42-4344/1
4 јули 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

2928.

Врз основа на член 19 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/2010, 127/2012 и 41/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 јули 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

1. Ромела Поповиќ-Трајкова се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на нејзино барање.

2. За член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се именува Татјана Вељковиќ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24-5383/3
4 јули 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

2929.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/211 и 15/2013) и член 25 од Статутот на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4 јули 2014 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

1. За вршител на должноста директор на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје се именува м-р Шкодране Дарлишта.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 24-5455/1
4 јули 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

2930.

Врз основа на член 29 став 4 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/10, 12/14 и 43/14), министерот за правда донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА НАГРАДАТА ЗА ИЗВРШЕНОТО ВЕШТАЧЕЊЕ ИЛИ СУПЕР ВЕШТАЧЕЊЕ И НАДОМЕСТОКОТ ЗА РЕАЛНО ПОТРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пресметување на наградата за извршеното вештачење или супер вештачење и надоместокот за реално потребните трошоци.

Член 2

Пресметувањето на наградата за извршеното вештачење или супер вештачење, во зависност од областа на вештачењето, се врши сразмерно според висината на паричната вредност на предметот на вештачење, сложеноста на вештачењето, потребното време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето (наодот и мислењето).

Член 3

(1) Пресметувањето на наградата за извршено вештачење или супер вештачење е дадено во Прилог бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

(2) Пресметувањето на наградата за извршено вештачење или супер вештачење од областите на криминалистичко техничките испитувања и анализи е дадено во Прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Наградата за извршените судско медицински вештачења се пресметува согласно Правилникот за висината на трошоците за судско медицинска обдукција на умрено лице („Службен весник на Република Македонија" бр.129/12).

(4) При пресметувањето на наградата од Табелата 1. точка 4, Табелата 2. точките 4.1 и 4.2, Табелата 4. точка 12, Табелата 6. точките 1, 2, 3.2-3.4, 3.6-3.9, 3.11-3.14, 4, 5, 6 и 7, Табелата 7., Табелата 8. точките 1.3, 2, 3.1, 4.1, 5.1-5.8 и 5.17 од Прилог бр. 2 на овој правилник, се пресметува и вредност на работен час утврдена во точката 16. од Прилогот бр. 1 на овој правилник.

Член 4

Доколку вештачењето се извршува под посебни услови (ноќе од 22 до 06 часот) или за време на државен празник или неработен ден, како и во други итни случаи наградата се зголемува за 50 % од висината на пресметаната награда согласно член 3 од овој правилник.

Член 5

Во случај на доставување на нови докази врз основа на кои се изготвува дополнителното вештачење, за изготвување на истото, по ист предмет на вештачење за кој веќе му е утврдена награда за изготвеното вештачење, на вештакот му припаѓа награда во висина од 50 % од утврдената и пресметана награда за истиот предмет на вештото лице, доколку ваквото вештачење не се врши поради негов пропуст.

Член 6

Во случај на вештачење чија сложеност и потребната експертиза за неговото вршење е од поголем обем, наградите од Прилог бр. 1 на овој правилник може да се зголемат најмногу до 200% од утврдените, во зависност од:

- големината на документацијата која е основа за изработка на вештачење,
- должината на анализиран период кој е подолг од три години,
- вредноста на спорот над 100.000.000 денари,
- дела од организиран криминал каде се инволвирани повеќе од пет правни или физички лица или
- комплексноста и видот на задачата кои се предмет за изработка на вештачење, за кои е потребен највисок степен на експертиза и искуство.

Член 7

Во предметите во кои се врши вештачење од повеќе вешти лица од различни области за пресметка на наградата за вештачење се применуваат наградите утврдени за секоја област, дадени во Прилог бр. 1 и Прилог бр. 2 на овој правилник, како и во Правилникот за висината на трошоците за судско медицинска обдукција на умрено лице („Службен весник на Република Македонија“ бр.129/12), за секој вештак посебно.

Член 8

(1) Под реални трошоци за вештачење се подразбираат трошоци направени за:

1. превоз од местото на живеење, односно седиштето на вештакот до седиштето на судот или местото каде што го извршува вештачењето, со средства за јавен превоз, како и за враќање до местото на живеење односно седиштето ;

2. за превоз, доколку нема можност со средства за јавен превоз, се признава километража со користење на патничко возило во сопственост на субјектот кој врши вештачење, вклучувајќи ја и патарината (еден километар =10 % од цената на чинење на 1 литар гориво кое го користи возилото);

3. за превоз, доколку моторно возило било во употреба за повеќе вештаци во случај од точка 2 на овој став, надоместокот за патни трошоци може да се изврши само за едно возило;

4. дневница која се определува врз основа на времето потребно за вршење на вештачење, доколку вештачењето е надвор од местото на живеење, односно седиштето на вештакот и истото трае најмалку осум часа, му припаѓа надомест во висина од 1/2 дневница, а за време од 12 до 24 часа му припаѓа цел износ на дневница утврден согласно закон или колективен договор;

5. ноќевање согласно приложена сметка (доколку ноќевањето е неопходно потребно во местото на вршење на вештачењето и истото е оддалечено најмалку 100 км од седиштето на вештакот);

6. материјалните трошоци за дејствија направени при изработка на наодот и мислењето, а кои по своја природа се специфични и кои ги вршат само специјализирани установи, институции и правни лица, се пресметуваат по важечки цени на истите.

(2) Трошоците од ставот 1 на овој член не се однесуваат на вештачењата и супер вештачењата од областите на криминалистичко техничките испитувања и анализи и судско медицински вештачења од членот 3 ставови 2 и 3 од овој правилник.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1998/8
4 јули 2014 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари,** с.р.

Прилог бр. 1

ОБЛАСТ НА ВЕШТАЧЕЊЕ	НАГРАДА ВО ДЕНАРИ
1. МАТЕРИЈАЛНО, ФИНАНСИСКО И СМЕТКОВОДСТВЕНО РАБОТЕЊЕ	
1.1. *Вештачење*	3000-15000
- *мала* парична вредност на предметот на вештачење (до 100.000 денари) - *ниска* сложеност на вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **до 50 страни** - *кратко потребно* време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето, односно мал број на денови за изработка, до 5 дена	3000-5400
- *средна* парична вредност на предметот на вештачење (100.001 до 1.000.000 денари) - *средна* сложеност на вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **од 51 до 100 страни** - *средно потребно* време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето, односно среден број денови за изработка, од 6-15 дена	5401-9000
- *голема* парична вредност на предметот на вештачење (над 1.000.001 денари) - *висока* сложеност на вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **над 100 страни** - *долго потребно* време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето, односно поголем број денови за изработка, над 15 дена	9001-15000

1.2. *Супервештачење*	15000-33000
- *мала* парична вредност на предметот на супер вештачењето (до 100.000 денари) - *ниска* сложеност на супер вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **до 50 страни** - *кратко потребно* време за прибирање на податоците и изработка на супер вештачењето, односно мал број на денови за изработка, до 5 дена	15000-18000
- *средна* парична вредност на предметот на супер вештачењето (100.001 ден до 1.000.000 денари) - *средна* сложеност на супер вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **од 51 до 100 страни** - *средно потребно* време за прибирање на податоците и изработка на супер вештачењето, односно среден број денови за изработка, од 6-15 дена	18001-24000
- *голема* парична вредност на предметот на супер вештачењето (над 1.000.001 денари) - *висока* сложеност на супер вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **од 101-150 страни** - *долго потребно* време за прибирање на податоците и изработка на супер вештачењето, односно поголем број денови за изработка, над 15 дена	24001-27000
2. ГРАДЕЖНИШТВО И АРХИТЕКТУРА	
2.1. *Вештачење*	3000-15000
- *мала* парична вредност на предметот на вештачење (до 100.000 денари)	3000-5400

- *ниска* сложеност на вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење до **50 страни** - *кратко потребно* време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето, односно мал број на денови за изработка, до 5 дена	
- *средна* парична вредност на предметот на вештачење (100.001 ден до 1.000.000 денари) - *средна* сложеност на вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **од 51 до 100 страни** - *средно потребно* време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето, односно среден број денови за изработка, од 6-15 дена	5401-9000
- *голема* парична вредност на предметот на вештачење (над 1.000.001 денари) - *висока* сложеност на вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **над 100 страни** - *долго потребно* време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето, односно поголем број денови за изработка, над 15 дена	9001-15000
2.2. Супервештачење	15000-33000
- *мала* парична вредност на предметот на вештачење (до 100.000 денари) - *ниска* сложеност на супер вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **до 50 страни** - *кратко потребно* време за прибирање на податоците и изработка на супер вештачењето,	15001-18000

односно мал број на денови за изработка, до 5 дена	
- *средна* парична вредност на предметот на супер вештачење (100.001 ден до 1.000.000 денари) - *средна* сложеност на супер вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **од 51 до 100 страни** - *средно потребно* време за прибирање на податоците и изработка на супер вештачењето, односно среден број денови за изработка, од 6-15 дена	18001-24000
- *голема* парична вредност на предметот на супер вештачење (над 1.000.001 денари) - *висока* сложеност на супер вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **од 101-150 страни** - *долго потребно* време за прибирање на податоците и изработка на супер вештачењето, односно поголем број денови за изработка, над 15 дена	24001-33000
3. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА	
3.1. *Вештачење*	3000-10000
- *мала* парична вредност на предметот на вештачење (до 100.000 денари) - *ниска* сложеност на вештачењето односно анализа на документација **до 20 страни** вклучувајќи наод и мислење или настани од мал обем (со вклучено едно физичко или правно лице) - *кратко потребно* време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето, односно мал број на денови за изработка, до 5 дена	3000-5000

- *средна* парична вредност на предметот на вештачење (100.001 ден до 1.000.000 денари) - *средна* сложеност на вештачењето односно анализа на документација **од 21 до 50 страни** вклучувајќи наод и мислење или настани од среден обем (со вклучени две физички или правни лица) - *средно потребно* време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето, односно среден број денови за изработка, од 6-15 дена	5001-7500
- *голема* парична вредност на предметот на вештачење (над 1.000.001 денари) - *висока* сложеност на вештачењето односно анализа на документација **од 51 до 100 страни** вклучувајќи наод и мислење или настани од поголем обем (со вклучени неколку физички или правни лица) - *долго потребно* време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето, односно поголем број денови за изработка, над 15 дена	7501-10000
3.2. *Супервештачење*	10000-25000
- *мала* парична вредност на предметот на супер вештачење (до 100.000 денари) - *ниска* сложеност на супер вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **до 20 страни** или настани од мал обем (со вклучено едно физичко или правно лице) - *кратко потребно* време за прибирање на податоците и изработка на супер вештачењето, односно мал број на денови за	10000-15000

изработка, до 5 дена	
- *средна* парична вредност на предметот на супер вештачење (100.001 ден до 1.000.000 денари) - *средна* сложеност на супер вештачењето односно анализа на документација **од 21 до 50 страни** вклучувајќи наод и мислење или настани од среден обем (со вклучени две физички или правни лица) - *средно потребно* време за прибирање на податоците и изработка на супер вештачењето, односно среден број денови за изработка, од 6-15 дена	15001-20000
- *голема* парична вредност на предметот на супер вештачење (над 1.000.001 денари) - *висока* сложеност на супер вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **од 51 до 100 страни** или настани од поголем обем (со вклучени неколку физички или правни лица) - *долго потребно* време за прибирање на податоците и изработка на супер вештачењето, односно поголем број денови за изработка, над 15 дена	20001-25000
4. ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ	
4.1. *Вештачење*	6000-21000
- *мала* парична вредност на предметот на вештачење (до 100.000 денари) - *ниска* сложеност на вештачењето односно анализа на документација вклучувајќи и наод и мислење **до 20 страни** или информатички бази и опрема од мал обем - до 20 податочни објекти	6000-10500

(табели,погледи,процедури,тригери и функции и др.) - *кратко потребно* време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето, односно мал број на денови за изработка, до 5 дена.	
3	**Материи од непозната природа**	Детекција со квалитативни реакции	по анализиран примерок	**200**
		Идентификација со FTIR		**1500**
		Идентификација со GC/MS		**2000**
4	Утврдување на содржина на **етил алкохол во пијалоци**	GC FID	по анализиран примерок	**900**
5	Утврдување присуство и концентрација на **етил алкохол во примероци крв и урина**	GC FID	по анализиран примерок	**750**
6	Утврдување присуство и приближна концентрација на **метаболити од дрога во примероци урина**	со ELISA	по анализиран примерок	**500**
7	**Ретроактивна пресметка на концентрација на алкохол во крв**		по лице	**3000**
8	**Толкување на резултати од анализи со примена на брзи тестови, TLC или микроскоп и изготвување писмен одговор**		по случај	**1000**
9	**Толкување на резултати од анализи со примена на FTIR, GC – FID, GC MS, и изготвување писмен одговор**		по користена техника	**1000**
10	**Изготвување акт од извршена анализа на алкохол во примерок крв и/или урина**		по лице	**500**
11	**Изготвување акт од извршени анализи на метаболити од дрога во примероци урина**		по случај	**800**
12	**Излегување на место на настан – преглед и КТ обработка**		по случај	**2000 +раб.час**

Табела 5. Анализа/Вештачење на траги од хемиско потекло –микротраги

Ред. број	Тип на Анализа / Вештачење Назив на услуга	Применета метода/техника	Забелешка	Награда во денари
1	**Анализа на текстилни влакна**	Микроскопски преглед	по фолија	**500**
		Микроскопска компаративна анализа		**1500**
2	**Анализа на стакло компаративно**	Квалитативен тест	по примерок	**500**
3	**Анализа на земја компаративно**	Микроскопска анализа		**300**
4	**Анализа на боја, гума и полимери - компаративно**	Микроскопска анализа		**300**
		Квалитативна анализа со Раманска спектрометрија		**1000**
		Квалитативна анализа со FTIR		**1500**
6	**Анализа на експлозив**	Квалитативна анализа со Раманска спектрометрија		**1000**
		Квалитативна анализа со FTIR		**1500**
7	**Анализа на траги од експлозив**	Детекција со брзи колор тестови		**200**
		Квалитативна анализа со TLC		**600**
		Квалитативна анализа со GC MS		**2000**
8	Анализа на **нафтени деривати**	Квалитативна анализа со GC FID		**1800**
9	Анализа на **траги од запал-ливи материи од пожар**	Квалитативна анализа со GC FID		**2000**
10	Утврдување **влез-излез** од продор на проектил на облека	колор тест	по оштетување	**200**
11	Утврдување на присуство на траги од метал од **продор** на проектил на разни материјали	колор тест		**200**
12	Утврдување на **далечина** на **испалување** од огнено оружје на облека	квалитативна анализа со хемиски реагенс		**1500**
13	Утврдување на присуство на **траги од испалување** од огнено оружје на **рацете** од фолија за барутен тест	колор тест	По лице	**200**
14	Утврдување на присуство на траги од огнено оружје подигнати од рацете	Квалитативна анализа со SEM EDS		**6000**
15	Анализа на елементарен состав на метали	Квалитативна анализа со SEM EDS	по примерок	**5000**
16	Анализа на **мастило**	Квалитативна анализа со TLC		**600**
		Квалитативна анализа со Раманска спектрометрија		**1000**
17	Анализа на **непознати материи**	Детекција со квалитативни реакции		**200**
		Квалитативна анализа со со FTIR		**1500**

18	**Толкување на резултати од анализи со примена на брзи тестови, TLC или микроскоп и изготвување писмен одговор**	по случај	**1000**
19	**Толкување на резултати од анализи со примена на FTIR, GC – FID, GC MS, и изготвување писмен одговор**	по користена техника	**1000**
20	**Изготвување акт од извршена анализа на алкохол во примерок крв и/или урина**	по лице	**500**
21	**Изготвување акт од извршени анализи на метаболити од дрога во примероци урина**	по случај	**800**
22	**Излегување на место на настан – преглед и обработка**	по случај	**3000**

Табела 6. Анализа/Вештачење на траги од физичка природа (механички траги, моторни возила, огнено оружје, балистика, пожари, експлозии)

Ред. број	Тип на Анализа / Вештачење Назив на услуга	Применета метода/техника	Забелешка	Награда во денари
1	**Механички траги**			
1.1	Анализа на траги на **брави**	стерео и комаративна микроскопија	по примерок	**750 +раб.час**
1.2	Анализа на траги на **катанци**	стерео и комаративна микроскопија	по примерок	**900 +раб.час**
1.3	Анализа на траги на **каси**	Визуелен преглед и микроскопски анализи	по примерок	**1700 +раб.час**
1.4	Анализа на **метални решетки и алки**	стерео и комаративна микроскопија	по примерок	**800 +раб.час**
1.5	Анализа на траги од **алат** (лостови, хебли, одвртки, ножеви, бодежи, ножици за арматурно железо и др)	стерео и комаративна микроскопија	по примерок	**1700 +раб.час**
1.6	Анализа на траги од **секири**	стерео и комаративна микроскопија	по примерок	**1700 +раб.час**
1.7	Анализа на траги од **жигови и втиснувачи**	стерео и комаративна микроскопија	по примерок	**1700 +раб.час**
1.8	Анализа на траги од **газечки површини од обувки и пневматици**	Визуелен преглед и микроскопски анализи	по траг (фолија)	**1500 +раб.час**
1.9	Анализа на **механички оштетувања на облека**	Визуелен преглед и микроскопски анализи	по единечен предметен материјал	**1700 +раб.час**
2	**Моторни возила**			
2.1	Анализа на **оригиналност на идентификационите броеви** и на другите елементите носители на идентитет на возилото на моторни и приклучни возила	Визуелно и микроскопски реституција	по возило	**2800 +раб.час**
2.2	Анализа на **траги од сообраќај-ни незгоди** (грејно влакно во сијалички, стакла од светлосни уреди, фрагменти боја и автомо-билски кит, браници, облека пневматици и сл.)	Визуелно, компаративно микроскопски	по единечен предметен материјал	**2000 +раб.час**
2.3	**Дигитални и аналогни тахографски дискови**	скенер	по диск	**3500 +раб.час**
2.4	**Фингирани сообраќајни незгоди**	КТ обработка, толкување по доста-вена документација	По случај	**5000 +раб.час**
	Толкување на резултати од анализи и изготвување писмен одговор		По случај	**6000 +раб.час**
3	**Огнени оружја и балистика**			
3.1	Идентификација на **чаура** (калибар, производител, година на производство, вид на оружје од кое е испалена и др)	Визуелен и микроскопски преглед	по примерок	**1000**

3.2	**Компаративни анализи на чаури** (од колку оружја се испалени, проверка во однос на чаури од Збирката на нерешени кривични дела или дали се испалени од конкретен примерок на огнено оружје)	Комаративна стереомикроскопска анализа	по споредба	**2000 +раб.час**
3.3	Идентификација на **проектил и делови од проектил** (калибар, производител, година на производство, вид на оружје од кое е испален и др)	Визуелен и микроскопски преглед	по примерок	**1000 +раб.час**
3.4	**Компаративни анализи на проектил** (од колку оружја се испалени, проверка во однос на проектили од Збирката на нерешени кривични дела или дали се испалени од конкретен примерок на огнено оружје)	Визуелен и микроскопски преглед	по споредба	**2000 +раб.час**
3.5	**Анализа на куршум** (утврдување калибар. Тип. Производство. Исправност. Оружја за кои наменет)	Визуелен и микроскопски преглед	по примерок	**700**
3.6	**Анализа на оштетување** од проектил на предмети или објекти	Визуелно, микроскопски	по оштетување	**700 +раб.час**
3.7	**Далечина на испалување од ловна пушка**	Визуелно, компаративно, пробни испалувања,	по оштетување	**1000 +раб.час**
3.8	**Исправност на огнено оружје**	Визуелно Пробни испукувања	по примерок	**1600 +раб.час**
3.9	**ТТ карактеристики на оружје и муниција**	Визуелно, микроскопски	по примерок	**1200 +раб.час**
3.10	**Внесување на чаури во IBIS и корелациони анализи со IBIS систем,**	IBIS. Стерео и компаративен микроскоп	по примерок	**4000**
3.11	**Балистички вештачења -судски предмети**	проучување и до-полнителни одго-вори- толкување за потребите на суд	По случај	**8000 +раб.час**
3.12	**Толкување на резултати од анализи и изготвување писмен одговор**		По случај	**6000 +раб.час**
3.13	**Присуство на реконструкција**		По случај	**5000 +раб.час**
3.14	**Криминалистичко техничка обработка**	преглед и КТ обработка	По случај	**2000 +раб.час**

4	**Траги од пожари, експлозии и експлозивни направи**			
4.1	Анализа на траги од пожари	Визуелен преглед, микроскопски анализи, мерења (напон, температура, отпор и др)	по случај	**4000 +раб.час**
	Анализа на траги од експлозии	Визуелен преглед и микроскопски анализи на трагите	по случај	**4000 +раб.час**
4.2	Анализа на експлозивни средства	Визуелен преглед	по примерок	**4000 +раб.час**
	Анализа на импровизирани експлозивни направи	Визуелно, манипулирање	по примерок	**6000 +раб.час**
5	**Толкување на резултати од анализи и изготвување писмен одговор**		По случај	**6000 +раб.час**
6	**Присуство на реконструкција**		По случај	**5000 +раб.час**
7	**Криминалистичко техничка обработка на м.н. по настаната експлозија или пожар**			
7.1	Преглед и КТ обработка на возило	Криминалистичко техничка обработка	за едно возило	**2000 +раб.час**
7.2	Преглед и КТ обработка на место на настан		За поедине-чен објект	**2000 +раб.час**

Табела 7. Анализа/Вештачење на спорни документи

Ред. број	Тип на Анализа / Вештачење Назив на услуга	Применета метода/техника	Забелешка	Награда во денари
1	**Ракопис, потпис, ракопис во потпис**			
1.1	Испитување на не/погодност за анализа	Визуелна анализа со стерео микроскоп и Видео спектрален компаратор	По случај	**2000 +раб.час**
1.2	Анализа на не/оригиналност			**3000 + раб.час**
1.3	Анализа на не/идентичност	Графичко идентификациона метода со стерео микроскоп и Видео спектрален компаратор		**12000 +раб.час**
2	**Отпечаток од печат, штембил, факсимил и сл**			
2.1	Анализа на не/оригиналност	Визуелна анализа со стерео микроскоп и видео спектрален компаратор	По случај	**3000 +раб.час**
2.2	Анализа на не/идентичност	Компаративна метода со стерео микроскоп и видео спектрален компаратор		**5000 +раб.час**
3	Анализа на не/оригиналност на **документи и лични исправи** (патни и јавни исправи, возачки дозволи, договори, банковни сметки и др.)	Компаративна метода со стерео микроскоп и видео спектрален компаратор	По случај	**6000 +раб.час**
4	**Реституција на податоци од документи** (бришење, преправање или допишување)	Визуелна метода со стерео микроскоп и видео спектрален компаратор	По случај	**5000 +раб.час**
5	**Увид во списи**	Проучување и толкување	По случај	**1500 +раб.час**
6	**Излегување на место на настан заради обезбедување материјал за вештачење**		По случај	**2000 +раб.час**

Табела 8. Анализа/Вештачење на дигитална опрема и медиуми

Ред. број	Тип на Анализа / Вештачење Назив на услуга	Применета метода/техника	Забелешка	Награда во денари
1	**Полиграфска техника**			
1.1	Припрема за полиграфско тестирање	Разгледување на пишан и видео-фото материјал	По случај	**1200**
1.2	Излегување на м.н. како дел од подготовка за вршење полиграфско тестирање	Непосредно согледување на околностите за извршено кривично дело		**6500**
1.3	Полиграфско тестирање	Со машина за психо-физиолошка проценка и полиграфски испитувања	По лице	**20000 +раб.час**
2	**Креирање на лик по исказ на сведок/жртва - фоторобот**	Форензички софтвер и графички пакет	за креиран лик со извештај	**15350 +раб.час**
3	**Видео техника**			
3.1	Форензичка обработка на видео материјал и изготвување фотографии од видео сигнал	Компјутерска техника и софтвер/и како и читачи и снимачи на дигитални и аналогнисигнали	По случај	**6000 +раб.час**
3.2	Реституција на видео материјал од оштетени аналогни и дигитални медиуми			**6300**
4	**Фотограметрија**			
4.1	Дигитално **фотограметриско** документирање на местото на настан	Дигитална сферна камера со инсталиран софтвер Форензички и други софтвери	По случај	**10.000 +раб.час**
4.2	Изготвување на скица	Форензички и други софтвери		**7500**
4.3	Изготвување на извештај			**5300**
5	**Фото лабораторија**			
5.1	Изготвување фотографии од филм, CD, DVD или друг медиум – 4x6		По фотографија	**30 +раб.час**
5.2	Изготвување фотографии од филм, CD, DVD или друг медиум – 6x9		По фотографија	**30 +раб.час**
5.3	Изготвување фотографии од филм, CD, DVD или друг медиум – 9x13		По фотографија	**30 +раб.час**
5.4	Изготвување фотографии од филм, CD, DVD или друг медиум – 10x15		По фотографија	**35 +раб.час**
5.5	Изготвување фотографии од филм, CD, DVD или друг медиум – 13x18		По фотографија	**50 +раб.час**
5.6	Изготвување фотографии од филм, CD, DVD или друг медиум – 20x30		По фотографија	**200 +раб.час**
5.7	Синалетичка фотографија 4x6		По фотографија	**200 +раб.час**
5.8	Фотографирање на предмети во фото лабораторија		По	**300**

	(облека, проектили, оружје и др.)	фотографија	+раб.час
5.9	Испраќање и симнување од маил или сервер	По фотографија	340
5.10	Развивање на црно бел фолм – рачен процес	По филм	1100
5.11	Изготвување фотографии од црно бел филм, 13x18	По филм	1200
5.12	Изготвување фотографии од црно бел филм, 20x30	По филм	1400
5.13	Изготвување фотографии од црно бел филм, 50x60	По филм	1800
5.14	Снимање на CD, DVD или друг медиум	По медиум	330
5.15	Фотографирање на увид	По случај	3600
5.16	Фотографирање и репродукција на траги (во лабораториски услови)	По траг	600
5.17	Изготвување фото албум (од една страна)	По страна	110 +раб.час
5.18	Фотографирање при претрес	По случај	3600
5.19	Фотографирање на обдукција	По случај	2600
5.20	Фотографирање на есхумација	По случај	2600
5.21	Фотографирање во специфични услови	По случај	4100

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2931.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12 и 43/14), точка 5, а во врска со точка 13 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат количината, формата, содржината и продажната цена за територијата на Република Македонија на кованата пара за колекционерски цели од серијата „Хороскопски знаци“, со име „Вага“.

2. Со оваа одлука се одобрува издавање на 7 000 (седумилјади) парчиња ковани пари за колекционерски цели „Вага“, изработени од сребро Ag925, со тежина на среброто од 21,00 г, чистота на среброто од 19,43 г, во овална форма со димензии 35 x 45 мм, полирани со 24-каратна златна меѓуоснова и вметнато тркалезно стакленце со димензии 18,4 x 6,1 мм.

3. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука ја има следнава содржина (апоен, ознака, белези):

- На аверсот е прикажана украсна композиција што претставува симбол на времето, врз основа на Сонцето, Месечината и ѕвездите коишто го опкружуваат песочниот часовник. Сонцето е насликано со злато на вметнато сино тркалезно кобалтно стакленце (низ целото стакленце).

На горниот дел од кованата пара за колекционерски цели е прикажан грбот на Република Македонија. По должината на периметарот, на двете страни, се прикажани симболите на осумте планети од Сончевиот систем коишто, покрај Сонцето и Месечината, влијаат на хороскопските знаци (Меркур, Венера, Марс, Јупитер, Сатурн, Уран, Нептун и Плутон). Исто така, по должината на периметарот се прикажани натписите: „Република Македонија“ и „10 денари“ на македонски јазик, како и годината на издавање „2014“ и ознаката „Ag925“.

- На реверсот на кованата пара за колекционерски цели во центарот на монетата е прикажана вага со два крака. Едниот тас од вагата е исполнет со монети и е прикажана пеперутка како седи на нив. На местото на другиот тас е вметнато кобалтно стакленце на кое е претставена слика на соѕвездието Вага.

На долниот дел, по должината на периметарот, е прикажан симболот на хороскопскиот знак Вага отпечатен на тег и името на хороскопскиот знак на латински јазик. Одредени елементи на релјефот (вклучувајќи ги симболот Вага, пеперутката и вагата) се насликани со злато.

4. Продажната цена по која Народната банка ги продава кованите пари за колекционерски цели на територијата на Република Македонија претставува збир од вкупните трошоци за кованието (цената на металот, производството и пакувањето), промоцијата, продажбата, дистрибуцијата и провизијата.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

О. бр. 02-15/VII-3/2014
3 јули 2014 година
Скопје

2932.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12 и 43/14), точка 5, а во врска со точка 13 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ КОВАНА ПАРА ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат количината, формата, содржината и продажната цена за територијата на Република Македонија на кованата пара за колекционерски цели од серијата „Хороскопски знаци“, со име „Скорпија“.

2. Со оваа одлука се одобрува издавање на 7 000 (седумилјади) парчиња ковани пари за колекционерски цели „Скорпија“, изработени од сребро Ag925, со тежина на среброто од 21,00 г, чистота на среброто од 19,43 г, во овална форма со димензии 35 x 45 мм, полирани со 24-каратна златна меѓуоснова и вметнато тркалезно стакленце со димензии 18,4 x 6,1 мм.

3. Кованата пара за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука ја има следнава содржина (апоен, ознака, белези):

- На аверсот е прикажана украсна композиција што претставува симбол на времето, врз основа на Сонцето, Месечината и ѕвездите коишто го опкружуваат песочниот часовник. Сонцето е насликано со злато на вметнато сино тркалезно кобалтно стакленце (низ целото стакленце).

На горниот дел од монетата е прикажан грбот на Република Македонија. По должината на периметарот, на двете страни, се прикажани симболите на осумте планети од Сончевиот систем коишто, покрај Сонцето и Месечината, влијаат на хороскопските знаци (Меркур, Венера, Марс, Јупитер, Сатурн, Уран, Нептун и Плутон). Исто така, по должината на периметарот се прикажани натписите: „Република Македонија“ и „10 денари“ на македонски јазик, како и годината на издавање „2014“ и ознаката „Ag925“.

- На реверсот, на левата страна на кованата пара за колекционерски цели е прикажана стилизирана слика на Скорпија. На десната страна е претставено сѕвездие коешто му одговара на хороскопскиот знак Скорпија, насликано на вметнато кобалтно стакленце и опкружено со украс. На долниот дел, по должината на периметарот, е прикажано името на кованата пара за колекционерски цели на латински јазик, заедно со симболот на хороскопскиот знак Скорпија.

Одредени елементи на релјефот (вклучувајќи ги симболот Скорпија, дел од украсот, како и нозете и опашката на скорпијата) се насликани со злато.

4. Продажната цена по која Народната банка ги продава кованите пари за колекционерски цели на територијата на Република Македонија претставува збир од вкупните трошоци за кованьето (цената на металот, производството и пакувањето), промоцијата, продажбата, дистрибуцијата и провизијата.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

О. бр. 02-15/VII-4/2014
3 јули 2014 година
Скопје

2933.

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12 и 43/14) и член 35 став 1 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија “, бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11 и 188/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА КУРСЕВИТЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/14), прилогот 1 се заменува со нов прилог 1, којшто е составен дел на оваа одлука.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

О. бр. 02-15/VII-6/2014
3 јули 2014 година
Скопје

Прилог 1

Курсна листа на Народната банка на Република Македонија
формирана на _____ којашто се применува од 00:00 часот на _____ до почетокот на важењето на новата Курсна листа

		Држава	Шифра	Валута		Единици валута	Среден курс во денари
1.		ЕМУ	978	евро	EUR	1	
2.		САД	840	САД- долар	USD	1	
3.		Велика Британија	826	британска фунта	GBP	1	
4.		Швајцарија	756	швајцарски франк	CHF	1	
5.		Шведска	752	шведска круна	SEK	1	
6.		Норвешка	578	норвешка круна	NOK	1	
7.		Јапонија	392	јапонски јен	JPY	1	
8.		Данска	208	данска круна	DKK	1	
9.		Канада	124	канадски долар	CAD	1	
10.		Австралија	036	австралиски долар	AUD	1	
11.		Бугарија	975	бугарски лев	BGN	1	
12.		Чешка	203	чешка круна	CZK	1	
13.		Унгарија	348	унгарска форинта	HUF	1	
14.		Полска	985	полска злота	PLN	1	
15.		Романија	946	нов романски леу	RON	1	
16.		Хрватска	191	хрватска куна	HRK	1	
17.		Турција	949	турска лира	TRY	1	
18.		Литванија	440	литвански литас	LTL	1	
19.		Русија	643	руска рубља	RUB	1	
20.		Бразил	986	бразилски реал	BRL	1	
21.		Кина	156	кинески јуан	CNY	1	
22.		Хонг Конг	344	хонгконшки долар	HKD	1	
23.		Индонезија	360	индонезиска рупија	IDR	1	
24.		Израел	376	израелски шекел	ILS	1	
25.		Индија	356	индиска рупија	INR	1	
26.		Јужна Кореја	410	јужнокорејски вон	KRW	1	
27.		Мексико	484	мексиканско песо	MXN	1	
28.		Малезија	458	малезиски рингит	MYR	1	
29.		Нов Зеланд	554	новозеландски долар	NZD	1	
30.		Филипини	608	филипинско песо	PHP	1	
31.		Сингапур	702	сингапурски долар	SGD	1	
32.		Тајланд	764	тајландски бахт	THB	1	
33.		Јужна Африка	710	јужноафрикански ранд	ZAR	1	

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2934.

Врз основа на член 46 став 1 точка а) и став 2 и член 184 точка љ) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, постапувајќи по Барањето на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје број 03-3039/1 од 02-06-2014 година, на седницата одржана на ден 30.6.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје број 02-2829/1 од 26.5.2014 година, освен на член 1.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во рок од 15 календарски дена по приемот на ова Решение во Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје број 02-2829/1 од 26-05-2014 година:

- во член 17 став 2 да изврши замена на зборовите “првата алинеја” со зборовите “третата алинеја”;
- да изврши бришење на ставот 3 од членот 26.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе се објави во Службен весник на Република Македонија.

Бр. УП1 08-71
30 јуни 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

2935.

Врз основа на член 112 став 3, член 112-б, член 112-в, член 112- г, член 112-д, член 112-ѓ, член 112-е, член 112-з, член 112-ѕ, член 112-и, член 112-ј, член 112-љ, член 112-н и член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 30.6.2014 година донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА ПОСЕБЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА РАБОТА СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за работење со хартии од вредност се уредуваат:

- организацијата и начинот на одржување на обуката за работење со хартии од вредност, испитните области, условите за избор на предавачи, обврските на предавачите и кандидатите и динамика за одржување на обуката;
- организација на испитот за работење со хартии од вредност, надзор над регуларноста на испитот и динамиката за одржување на испитот;
- начин и постапка за признавање на документ издаден од глобална професионална организација од областа на хартиите од вредност или од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет, со кој се докажува стекнатата квалификација во странство во областа на работење со хартии од вредност;
- други прашања од значење за обезбедување на фер, транспарентен и рамноправен третман на сите кандидати кои следат обука и полагаат стручен испит за работење со хартии од вредност.

Организација на обука и стручен испит

Член 2

(1) Обука и стручен испит за работење со хартии од вредност организира и спроведува Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (во понатамошниот текст: Комисија).

(2) За реализација на стручните и административните работи за потребите на спроведување на обуката и стручниот испит за работење со хартии од вредност се формира работна група од лица вработени во Комисијата.

(3) Стручниот испит технички го спроведува правно лице избрано по пат на јавна набавка од Комисијата.

(4) За обуката и полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност и на поправниот дел од испитот, кандидатот плаќа надомест утврден со Тарифникот за утврдување висина на надоместоци што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на РМ.

Обука и стручен испит

Член 3

(1) Обуката и стручниот испит за работење со хартии од вредност се спроведува врз основа на констатирана потреба од Комисијата, но не помалку од еднаш годишно.

(2) Времето и местото за организација на обуката и стручниот испит за работење со хартии од вредност се објавуваат на веб страницата на Комисијата и во најмалку 2 дневни весника кои излегуваат на цела територија на Република Македонија, 30 дена пред почеток на обуката.

(3)Обуката се организира во работни денови во попладневните часови и во денови на викенд, согласно распоредот кои кандидатите го добиваат првиот ден на обуката.

(4) Стручниот испит за работење со хартии од вредност го полагаат кандидатите кои имаат добиено решение од Комисијата за исполнување на условите за полагање на испитот.

Начин на одржување на обуката

Член 4

(1) Обуката за работење со хартии од вредност се одржува согласно подготвена програма, која е составен дел на овој правилник.

(2) Обуката за работење со хартии од вредност е со фонд од 40 часа.

(3) Обуката се организира ако за истата се пријават најмалку 30 учесници.

(4) Доколку за обуката се пријават помалку од 30 учесници, истата ќе се спроведе како менторска настава, за што пријавените учесници ќе бидат навремено известени.

(5) Следење на наставата не е задолжително.

Уредувачки совет

Член 5

(1) За подготовка на Прирачник за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност се формира Уредувачки совет.

(2) Уредувачкиот совет се состои од 4 члена од кои еден е Претседател на советот. Составот на уредувачкиот совет се утврдува со посебна одлука на Комисијата за секоја обука.

(3) Членовите на уредувачкиот совет добиваат надомест за подготовка на Прирачникот, кој го утврдува Комисијата со посебна одлука.

Едукатори

Член 6

(1) Наставата во рамките на обуката за работење со хартии од вредност ја спроведуваат лица кои имаат универзитетско образование и работно искуство од десет години од соодветната област за која ќе држат предавања.

(2) Во спроведување на обуката може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и од странство.

(3) За избор на едукатори Комисијата објавува покана за доставување на понуди на својата веб страна.

(4) Изборот на едукаторите го врши Комисијата за спроведување на испитот, врз основа на критериумите утврдени во поканата за доставување на понуди.

(5) Списокот на избраните едукатори се објавува на веб страната на Комисијата.

Права и обврски на едукаторите

Член 7

(1) Едукаторите имаат право на паричен надомест утврден со посебна одлука на Комисијата.

(2) Трошоците за едукаторите ги покрива Комисијата.

(3) За дополнително одржаните предавања, едукаторите не добиваат дополнителен надомест.

(4) Едукаторите се должни да ги одржуваат предавањата според утврдениот распоред од страна на Комисијата, за кој дале претходна согласност.

(5) Во случај на спреченост, едукаторите се должни да обезбедат адекватна замена, по претходна согласност од Комисијата.

(6) За секоја област за која се определени, едукаторите се должни да подготват соодветни материјали за предавање, без дополнителен надомест, согласно програмата и насоките дадени од Комисијата. Подготвените материјали се составен дел на Прирачникот за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност.

(7) За секое предавање, без дополнителен надомест, едукаторите се должни да подготват соодветна презентација и тој материјал во писмена или електронска форма (ЦД или е-маил) да го достават до Комисијата, најдоцна 5 дена пред одржување на предавањето.

(8). Во рок од 3 дена по нивниот избор, едукаторите се должни да подготват листа на испитни прашања и задачи од соодветната област и да ги достават до Комисијата.

Кандидати за следење на обука

Член 8

(1) Право на следење на обука и полагање на стручен испит за вршење на работење со хартии од вредност, има лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да има завршено најмалку четиригодишно средно образование и со искуство од најмалку една година во областа на финансиите;

2) да има присуствувано на обука за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност која ја организира Комисијата за хартии од вредност;

3) да не е осудуван со правосилна судска одлука за кривично дело во последните пет години пред поднесување на барање за дозвола за работење на брокер и

4) да не е осудуван со правосилна судска одлука за сторено кривично дело предизвикување стечај на правно лице.

(2) Кандидатот пријавата за следење на обуката и полагање на испитот за работење со хартии од вредност ја доставува до Комисијата во писмена форма во рокот определен во соопштението за организирање на обука, објавено во дневните весници и на веб станицата на Комисијата, заедно со следнава документација:

- доказ за исполнување на условите од став 1 на овој член и
- доказ за уплатен надомест согласно Тарифникот за утврдување висина на надоместоци што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на РМ.

(3) Доколку дипломата за завршено високо образование е стекната во странство, покрај документацијата определена во став 2 на овој член, кандидатот поднесува доказ за нострификација издаден од соодветен надлежен орган согласно закон.

Права и обврски на кандидатите

Член 9

(1) Кандидатите кои ќе ја следат обуката за работење со хартии од вредност на почетокот на обуката добиваат распоред на предавањата и основна литература (Прирачник за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност).

(2) Кандидатите на крајот на секое предавање пополнуваат листа за присутност, со цел на крајот од обуката оние кандидати кои ги следеле предавањата од секоја соодветна област да пополнат анкета за квалитетот на предавањата, предавачите и литературата за обуката.

Стручен испит и испитни рокови

Член 10

(1) Стручниот испит за работење со хартии од вредност се состои од два дела и тоа:

1) прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и

2) втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

(2) Испитот се одржува најдоцна во рок од 60 дена од денот на завршувањето на обуката.

(3) Испитните рокови за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност се одржуваат најмалку еднаш на 3 месеца.

(4) По завршувањето на обуката, Комисијата за спроведување на стручниот испит во испитен календар однапред ги определува термините за одржување на испитот и истите ги објавува на веб страницата на Комисијата.

(5) Рокот на пријавување за полагање на стручниот испит е најдоцна 5 дена пред датумот утврден во испитниот календар за одржување на стручниот испит. Кандидатот за полагање на испитот се пријавува лично или преку испраќање на пријава по пат на е-маил.

(6) Кандидатот има право да го полага првиот дел од стручниот испит во најмногу 3 последователни термини утврдени за полагање на испитот.

(7) Кандидатот има право да го полага вториот дел од стручниот испит во најмногу 2 последователни термини по завршувањето на првиот дел (теоретскиот дел).

(8) Доколку кандидатите не го положат првиот и вториот дел од испитот по спроведеното прво полагање, при секое наредно полагање уплатуваат на сметката на Комисијата надомест за повторно полагање на

стручниот испит, чија висина е утврдена со Тарифникот за утврдување висина на надоместоци што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на РМ. Доказот за платен надомест се доставува заедно со пријавата.

(9) Кандидатите имаат обврска да го положат стручниот испит во рок од 2 години од денот на завршувањето на обуката.

(10) Доколку пријавените кандидати не го положат стручниот испит за работење со хартии од вредност во рокот од ставовите 6, 7 и 9 на овој член, ќе се смета дека не го положиле испитот.

(11) Лицата од став 10 на овој член, имаат право на пријавување на наредна обука, на начин и под услови утврдени со овој Правилник.

Член 11

Со посебен договор склучен со Комисијата, се уредуваат правата и обврските на вработените во Комисијата кои ќе ја следат обуката и ќе го полагаат стручниот испит за работење со хартии од вредност.

Место и начин на полагање на стручниот испит

Член 12

(1) Стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Стручниот испит се полага во точно утврдените термини, во присуство на двајца овластени претставници од Комисијата, членовите на Комисијата за спроведување на испитот, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и еден информатичар предложен од Министерството за информатичко општество и администрација.

(3) Стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага во работни денови, но во одредени случаи и во денови на викенд.

Комисија за спроведување на испитот

Член 13

(1) Комисијата за спроведување на испитот ја сочинуваат компетентни и стручни лица утврдени со посебна одлука на Комисијата.

(2) Комисијата за спроведување на испитот се состои од 5 члена, од кои еден е претседател на комисијата.

(3) Комисијата за спроведување на испитот ги верификува прашањата за полагањето на стручниот испит за работење со хартии од вредност, врши ревизија и ажурирање на базите на прашања и базите на практични примери и задачи најмалку еднаш годишно, врши избор на едукатори пришто должна е во текот на одржување на испитот да ја обезбеди тајноста на податоците.

(4) Членовите на Комисијата за спроведување на испитот добиваат годишен надомест во висина од една просечна плата објавена од Државниот завод за статистика исплатена во РМ за претходната година.

Почеток на стручниот испит

Член 14

(1) Испитот започнува во точно определеното време и трае согласно со времето утврдено со овој Правилник за секоја испитна област/предмет.

(2) Закаснување на испит, може да се толерира, но само доколку од почеток на испитот не поминале повеќе од 10 минути од оправдани причини.

(3) Заради идентификација, кандидатот е должен пред почетокот на испитот да стави на увид на дежурните лица лична карта или пасош.

Напуштање на испитот

Член 15

(1) За време на траење на испитот, кандидатот не може да ја напушти просторијата доколку истовремено не го предаде и тестот.

(2) Доколку лицата од член 13 став 2, забележат дека кандидатот користи недозволено средство во текот на траење на испитот или се однесува на начин кој ја загрозува регуларноста на испитот, го одземаат тестот на тој кандидат и му наложуваат на кандидатот да ја напушти просторијата.

(3) Во случај на став 2 на овој член, на испитниот список и на тестот се забележуваат причините за одземањето на тестот и времето кога кандидатот е отстранет од испитот.

(4) Доколку кандидатот кој полага испит не ги почитува правилата и користи недозволени средства во текот на испитот, Комисијата, на предлог на членовите на Комисијата за спроведување на испитот, може да забрани полагање на испитот во рок најмногу до 6 месеци.

Записник

Член 16

(1) За текот на испитот се води записник.

(2) Записникот за текот на испитот содржи: датум и време на одржување на испитот, име и презиме на членовите на Комисијата за спроведување на испитот, име и презиме на лицата од член 13 став 2 кои присуствувале во текот на полагањето на испитот , број на пријавени кандидати кои го полагале испитот и име и презиме на лицата кои биле отстранети од полагање на испитот, согласно член 16 на овој Правилник.

(3) Записникот го потпишуваат членовите на Комисијата за спроведување на испитот.

Испитни области

Член 17

(1) Првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага по предметите:

Испитна област	Траење на испитот
Суштина, функции и законска регулатива за функционирањето на пазарот на капитал на Република Македонија	120 минути
Акции	120 минити
Обврзници	120 минути

(2) За предметите: Акции и Обврзници, се полага втор дел од стручниот испит за работа со хартии од вредност кој се состои од: практичен пример и задачи кои кандидатот треба да ги реши врз основа на анализата на практичниот пример.

(3) Се смета дека кандидатот успешно го положил секој од модулите доколку освои најмалку 70% од вкупниот број на предвидени позитивни поени за тој модул, но не помалку од 40% точни одговори за секоја од испитните области/предмети во соодветниот модул.

(4) Успехот на испитот се оценува со „положил“ или „не положил“

(4) Се смета дека кандидатот успешно го положил испитот за работење со хартии од вредност доколку го положил првиот и вториот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност.

Објавување на резултати, право на увид, приговор и жалба

Член 18

(1) Комисијата во рок од 5 дена од денот на полагањето на вториот дел од стручниот испит на својата веб страна го објавува неофицијалниот список на положени кандидати.

(2) Кандидатите кои не го положиле вториот дел од стручниот испит имаат право во рок од 3 дена да извршат увид во тестот и да испратат писмена забелешка до Комисијата за спроведување на испитот. За извршениот увид се составува записник.

(3) По приговорот одлучува Комисијата за спроведување на испитот, во рок од 7 дена од денот на приемот на забелешките.

(4) По истекот на рокот за решавање на забелешките, Комисијата на својата веб страна објавува официјална листа на положени кандидати.

Издавање на уверение

Член 19

(1) На кандидатите кои го положиле првиот и вториот дел на стручниот испит за работење со хартии од вредност, Комисијата во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот издава уверение за положен стручен испит за работење со хартии од вредност.

(2) Лицето чие уверение издадено од Комисијата е изгубено, уништено или сл., може од Комисијата да побара издавање на дупликат на уверение.

(3) Кон барањето од став 2 на овој член за издавање на дупликат на уверение, се приложува следново:

- причината за потребата од издавање на дупликат на уверение од Комисијата, како и периодот на следење на обуката и датумот на полагање на стручниотиспит за работење со хартии од вредност,
- во случај на губење на истото, доказ дека изгубеното уверение е огласено за неважечко, согласно позитивните законски прописи и
- доказ за уплатен надомест за издавање на дупликат на уверение за работење со хартии од вредност.

Признавање

Член 20

(1) Признавањето на документ издаден од глобална професионална организација од областа на хартиите од вредност, од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет со кој се докажува стекнатата квалификација во странство во областа на работење со хартии од вредност го врши Комисијата на начин утврден со овој Правилник.

Барање за признавање

Член 21

(1) Комисијата врши признавање на документите издадени од глобална професионална организација од областа на хартиите од вредност, од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет со кој се докажува стекнатата квалификација во странство во областа на работење со хартии од вредност врз основа на поднесено барање од заинтересираното лице. Во прилог на барањето заинтересираното лице поднесува и:

- нотарски заверен превод на диплома или уверение за завршено високо образование или документ за нострификација издаден од надлежен државен орган за диплома или уверение за завршено високо образование во странство или диплома или уверение за завршено високо образование во Република Македонија;
- нотарски заверен превод на документ издаден од глобална професионална организација од областа на хартиите од вредност, од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет со кој се докажува стекнатата квалификација во странство во областа на работење со хартии од вредност;
- наставен план и програма на обуката за работење со хартии од вредност објавен од страна на странски надлежен орган (регулаторно тело) врз основа на која е издаден документ со кој се докажува стекнатата квалификација во странство во областа на работење со хартии од вредност, освен ако документот за работење со хартии од вредност е издаден од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет;
- доказ за уплатен надомест утврден со Тарифникот за утврдување висина на надоместоци што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на РМ;
- друга документација на барање на Комисијата.

Комисија за признавање

Член 22

(1) Комисијата со одлука именува Комисија за признавање од најмалку 3 члена од лицата кои се членови на Комисијата за спроведување на испитот.

(2) Комисијата за признавање во постапката на признавање ги зема во предвид:

- наставниот план и програма освен ако документот е издаден од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет;
- реномето на институцијата која го издала сертификатот;
- правата кои произлегуваат од стекнатото звање;
- други околности од значење за признавањето.

(3) Комисијата за признавање во постапката на признавање, ја зема во предвид пристигнатата писмена документација на лицето кое бара признавање.

(4) Комисијата за признавање во постапката на признавање може од лицето кој го поднел барањето за признавање да побара и други документи кои се од важност за донесувањето на одлуката, како и оргиналните документи на увид.

Извештај на Комисијата за признавање

Член 23

(1) Комисијата за признавање во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето и комплетна документација наведена во членот 22 од овој Правилник подготвува извештај во кој се анализира планот и програмата и правата кои произлегуваат од стекнатото звање и ги предлага на Комисијата областите или деловите од областите кои лицето треба да ги положи, за да може документот издаден од глобална професионална

организација од областа на хартиите од вредност, од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет со кој се докажува стекнатата квалификација во странство во областа на работење со хартии од вредност да биде признат и со тоа да може да се издаде уверение за работење со хартии од вредност од Комисијата.

Решение за признавање

Член 24

(1) Комисијата го усвојува извештајот на Комисијата за признавање и го известува кандидатот дека услов за издавање уверение е задолжително полагање на испитната област - Регулатива за пазарот на капитал во Република Македонија и евентуално другите области или делови од области кои ги утврдила Комисијата за признавање.

(2) По исклучок на став 1 од овој член, доколку постои договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет со надлежното регулаторно тело на странската држава која го издала сертификатот, Комисијата го известува кандидатот дека единствен услов за признавање на сертификатот е полагање на испитната област - Регулатива за пазарот на капитал во Република Македонија.

(3) Лицето кое поднело барање за признавање на уверение/сертификат, може да ги полага испитните области од став 1 на овој член, во термините за полагање кои ги организира Комисијата, согласно член 11 од овој Правилник.

(4) По положувањето на испитните области од став 1 на овој член, Комисијата донесува Решение за издавање на уверение за работење со хартии од вредност.

(5) Комисијата води евиденција на признатите сертификати и трајно ја чува документацијата.

Овластени брокери

Член 25

(1) Услуги поврзани со работење со хартии од вредност на клиенти може да вршат само овластени брокери.

(2) Брокер треба да има положено стручен испит за работење со хартии од вредност што го организира Комисијата.

Преодни и завршни одредби

Член 26

(1) Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за работење со хартии од вредност (Службен весник на РМ број 122/06, 28/08 и 84/08).

Бр. 09-807/2
30 јуни 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

ПРИЛОГ 1

1. Глобална структура на наставната програма

	Наслов на темата	Број на часови
1	Суштина, функции и законска регулатива за функционирањето на пазарот на капитал на Република Македонија	10
2	Акции	15
3	Обврзници	15
	Вкупен број на часови:	40

2. Детална структура на наставната програма:

1. Суштина, функции и законска регулатива за функционирањето на пазарот на капитал на Република Македонија

1.1. Вовед и преглед на релевантната регулатива

1.2. Меѓународна регулатива (EU, IOSCO и др.)

1.3. Домашна регулатива:

1.3.1. Главни закони (Закон за хартии од вредност, Закон за инвестициски фондови, Закон за преземање на акционерски друштва)

1.3.2. Специфични делови од други закони (Закон за трговски друштва, даночна регулатива и др.)

1.3.3. Комисијата за хартии од вредност како регулатор на пазарот на хартии од вредност.

2. Акции

2.1. Структура и функционирање на пазарите на хартии од вредност

2.1.1.Пазар на капитал

2.1.2.Примарен пазар на капитал

2.1.3 Секундарен пазар на капитал

2.1.4 Берза и вонберзански пазари (OTC)

2.1.5 Иновации и тенденции

2.2 Индикатори на пазарот на хартии од вредност

2.2.1 Фактори во создавање на индикатори

2.2.2 Серија на индикатори на пазарот на акции

2.2.3 Серија на индикатори на пазарот на обврзници

2.2.4 Композитни индикатори на акции и обврзници

2.3 Ризик на акционерскиот капитал и негово мерење

2.3.1 Теорија за пазарот на капитал

2.3.2 Еднофакторски модели (CAPM)

2.3.3 Однос помеѓу системскиот ризик и приносот

2.3.4 Тестирање на CAPM

2.3.5 Теорија на арбитражно вреднување (APT)

2.3.6 Повеќефакторски модели

2.4 Анализа на пазарот и стопанските гранки и вреднување на акциите

2.4.1 Примена на методот на дисконтирање на дивиденда на пазарот на капитал

2.4.2 Проценка на стапките на раст на дивиденда

2.4.3 Проценка на очекуваниот профит по акција (EPS)

2.4.4 Пресметка на очекуваната стапка на принос на акција

2.4.5 Анализа на економските циклуси и економските гранки

2.4.6 Проценка на стапката на принос на економската гранка

2.4.7 Релативно вреднување и ratio на релативно вреднување

2.5 Анализа на компаниите и вреднување на акции

2.5.1 Анализа на компанијата

2.5.2 Проценка на внатрешната вредност (intrinsic value)

2.5.3 Проценка на профитот по акција на компанијата

2.5.4 Проценка на профитните мултипликатори (earnings multipliers)

2.5.5 Анализа на растечките компании
2.5.6 Мерење на додадената вредност
2.5.7 Анализа на акциите на глобалните компании
2.6 Техничка анализа
2.6.1 Дефиниција и претпоставки
2.6.2 Предности на техничката анализа
2.6.3 Предизвици на техничката анализа
2.6.4 Правила на техничката анализа
2.6.5 Индикатори на техничката анализа
3. Обврзници
3.1 Должнички хартии од вредност
3.1.1 Карактеристики на должничките хартии од вредност
3.1.2 Обезбедување на исплатата на обрвзниците
3.1.3 Структура на пазарот на должнички хартии од вредност
3.2 Ризици од инвестирање во обврзници
3.2.1 Каматен ризик
3.2.2 Ризик на кривата на принос
3.2.3 Ризик отповикување и предвремено плаќање
3.2.4 Ризик на реинвестирање
3.2.5 Кредитен ризик
3.2.6 Ризик на ликвидност
3.2.7 Девизен ризик
3.2.8 Инфлаторен или ризик на куповна моќ
3.2.9 Ризик на волатилност
3.2.10 Ризик од настани (политички, регулаторен, природен, преземање)
3.3 Видови и карактеристики на обврзници
3.3.1 Државни обврзници
3.3.2 Општински обврзници
3.3.3 Корпоративни обврзници
3.3.4 Меѓународни обврзници
3.3.5 Крива на принос на државните обврзници
3.3.6 Мерење на спридовите на принос (апсолутни, релативни, ratio на принос)
3.3.7 Ефекти на големината на емисијата и ликвидност на спред
3.3.8 Формирање на распон на каматни стапки
3.3.9 Каматен своп и своп распон
3.4 Вреднување на должнички хартии од вредност
3.4.1 Основни принципи на вреднување
3.4.2 Традиционални принципи на вреднување
3.4.3 Без арбитражен пристап на вреднување
3.4.4 Модели на вреднување
3.5 Мерење на каматен ризик
3.5.1 Пристап на полно вреднување
3.5.2 Влијание на ценовната волатилност на карактеристиките на обврзниците
3.5.3 Рочност
3.5.4 Конвексност
3.5.5 Цена на базниот поен (вклучително и неговата врска со дурација)

2936.

Врз основа на член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014) и член 15 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ“ број 34/2001, 49/2001, 103/2001, 54/2002, 32/2003, 51/2003, 81/2008, 24/2011, 135/2011 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на својата седница одржана на 30.6.2014 година го донесе следниот

П Р А В И Л Н И К
ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ, ОДНОСНО ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА СТРАНСКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со Правилникот за условите и начинот за давање одобрение за издавање, односно за регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија (во натамошниот текст: Правилник) се уредуваат условите и начинот под кои може да се добие одобрение за издавање, односно за регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија.

Член 2

Барање за одобрение за издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија, до Комисијата за хартии од вредност (во понатамошниот текст: Комисија) поднесува странскиот издавач на хартии од вредност (во понатамошниот текст: издавачот).

Член 3

(1) Одредбите од Законот за хартии од вредност што го регулираат издавањето, понудата и продажбата на хартии од вредност се применуваат соодветно во постапката на давање одобрение за издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија.

(2) Издавањето, односно регистрирањето на странски хартии од вредност во Република Македонија може да се врши по пат на јавна понуда и по пат на приватна понуда.

Член 4

Во случај на издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија по пат на јавна понуда, издавачот до Комисијата поднесува Барање за одобрение за издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија во форма и содржина определена со Правилникот за содржината на барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда („Службен весник на РМ“ број 6/2007 и 147/2010). Во прилог на Барањето издавачот ја приложува документацијата определена со Правилникот за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение за јавна понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 28/2008).

Член 5

Во случај на издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија по пат на приватна понуда, издавачот до Комисијата поднесува Барање за одобрение за издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија во форма и содржина определена со Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 6/2007, 88/2007 и 4/2012), акт за издавање на хартии и вредност и предлог соопштение до јавноста во форма и содржина определена со Правилникот за формата и содржина на соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда („Службен весник на РМ“ број 110/2006).

Член 6

Во секој од документите од член 4 и 5 на овој Правилник издавачот наведува дека станува збор за издавање на странски хартии од вредност во Република Македонија.

Член 7

(1) Кон барањето од член 4 и член 5 на овој Правилник, издавачот до Комисијата доставува и долгорочен кредитен рејтинг на издавачот, изготвен од една од следните кредит рејтинг агенции: Moody's, Standard & Poor’s (S&P) или Fitch.

(2) Рејтингот на издавачот од член 2 на овој правилник треба да биде најмалку BBB- или Baa3.

(3) Во случај на различни, односно нееквивалентни рејтинзи, добиени од повеќе од една од наведените рејтинг-агенции, Комисијата во предвид ќе го земе повисокиот рејтинг на издавачот.

(4) Комисијата може да побара од издавачот да достави дополнителна документација за докажување дека барањето е основано.

Член 8

(1) Комисијата одлучува по барањето од член 4 и член 5 од овој Правилник, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на истото.

(2) Комисијата за хартии од вредност нема да издаде одобрение ако заклучи дека издавањето и регистрирањето на хартиите од вредност може да резултира со одлив на капитал од Република Македонија, спротивно на одредбите од Законот за девизно работење или ако издавачот не поседува соодветен кредитен рејтинг.

Член 9

За издаденото одобрение за издавање, односно за регистрирање на странската хартија од вредност во Република Македонија, Комисијата го известува Министерството за финансии на Република Македонија и Народната Банка на Република Македонија.

Член 10

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

(2) Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за добивањето одобрение за издавање и воведување на странски хартии од вредност во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 49/2001).

Бр. 1104/1
30 јуни 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

2937.

Врз основа начлен 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014) и член 13 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ“ број 34/2001, 49/2001, 103/2001, 54/2002, 32/2003, 51/2003, 81/2008, 24/2011, 135/2011 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на својата седница одржана на 30.06.2014 година го донесе следниот

П Р А В И Л Н И К
ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ИЛИ РЕГИСТРИРАЊЕ НА ДОМАШНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО СТРАНСТВО

Член 1

Со Правилникот за условите и начинот за добивање одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство се регулираат условите и начинот под кои е можно да се добие одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Макединија (во понатамошниот текст: Комисијата) за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство.

Член 2

(1) Резидентите можат да издаваат и регистрираат во странство домашни хартии од вредност единствено по претходно добиено одобрение од Комисијата.

(2) Обврската за добивање на одобрение од Комисијата за хартии од вредност од став 1 на овој член не се однесува во случај кога овластените банки тргуваат со финансиски деривати во странство.

Член 3

(1) Хартиите од вредност може да бидат издадени или регистрирани во странство само од издавачот на тие хартии од вредност.

(2) Издавањето и регистрирањето на хартиите од вредност во странство значи почеток на тргување со хартии од вредност во странство.

(3) Под тргување со хартии од вредност се подразбира првото продавање, односно првото запишување и уплата на хартии од вредност и секое понатамошно купување и продавање на хартиите од вредност.

Член 4

Барање за одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство, до Комисијата за хартии од вредност поднесува резидентот издавач на хартии од вредност (во понатамошниот текст: издавачот).

Член 5

(1) Одредбите од Законот за хартии од вредност што го регулираат издавањето, понудата и продажбата на хартии од вредност се применуваат соодветно во постапката на давање одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство.

(2) Издавањето или регистрирањето на домашни хартии од вредност во странство може да се врши по пат на јавна понуда и по пат на приватна понуда.

Член 6

(1) Во случај на издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство по пат на јавна понуда, издавачот до Комисијата поднесува Барање за одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство во форма и содржина определена со Правилникот за содржината на барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда („Службен весник на РМ“ број 6/2007 и 147/2010).

(2) Во прилог на Барањето издавачот ја приложува документацијата определена со Правилникот за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение за јавна понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 28/2008).

Член 7

Во случај на издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство по пат на приватна понуда, издавачот до Комисијата поднесува Барање за одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство во форма и содржина определена со Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 6/2007, 88/2007 и 4/2012), акт за издавање на хартии и вредност и предлог соопштение до јавноста во форма и содржина определена со Правилникот за формата и содржина на соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда („Службен весник на РМ“ број 110/2006).

Член 8

Во секој од документите од член 6 и 7 на овој Правилник издавачот наведува дека станува збор за издавање на домашни хартии од вредност во странство.

Член 9

(1) Барањето од член 6 и член 7 на овој Правилник, задолжително содржи и:

- изјава за тоа дали средствата добиени од емисијата ќе се користат во Република Македонија или во странство
- податоци за странскиот организиран пазар на кој се регистрираат хартиите од вредност
- податоци за лицата кои ги спроведуваат трансакциите, односно потребните активности за издавање и регистрирање на хартиите од вредност на странскиот организиран пазар во корист на издавачот
- опис на начинот на издавање и регистрирање на хартиите од вредност на странскиот организиран пазар
- опис на начинот на спроведување на трансакциите со хартиите од вредност на издавачот на странскиот пазар и
- опис на начинот на известување на инвеститорите во Република Македонија за трансакциите со хартиите од вредност на издавачот на странскиот пазар.

(2) Комисијата може да побара од издавачот да достави дополнителна документација за докажување дека барањето од член 6 и член 7 од овој Правилник е основано.

Член 10

(1) Комисијата одлучува по барањето во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на истото.

(2) Комисијата нема да издаде одобрение ако издавачот не ја поднесе целата потребна документација согласно овој правилник.

Член 11

За издаденото одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство, Комисијата го известува Министерството за финансии на Република Македонија и Народната Банка на Република Македонија.

Член 12

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

(2) Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за добивање одобрение за издавање и воведување на хартиите од вредност и документи за удел во резидентните инвестициони фондови во странство од страна на резиденти („Службен весник на РМ“ бр. 49/2001).

Бр. 1105/1
30 јуни 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2938.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 39 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13 и 41/14) и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11 и 78/13), постапувајќи по барањето на Друштвото за трговија на големо и мало и инженеринг услуги ЕЛЕКТРОЛАБ ДОО увоз-извоз Скопје, за влегување во сила на лиценца за производство на електрична енергија на седницата одржана на ден 7.7.2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Лиценцата на Друштвото за трговија на големо и мало и инженеринг услуги ЕЛЕКТРОЛАБ ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Руди Чајавец бр. 10/1-13 Скопје, за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала „ФВЕЦ 45 kW“ издадена со Одлука УП1 бр. 07-31/14 од 16.04.2014 година, („Службен весник на РМ“ бр. 64/14) влегува во сила.

2. Лиценцата е прилог 1 на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага неговото извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-31/14
7 јули 2014 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

Прилог 1

ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Име и седиштето на носителот на лиценцата
Друштвото за трговија на големо и мало и инженеринг услуги ЕЛЕКТРОЛАБ ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Руди Чајавец бр. 10/1-13 Скопје

2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата
Производство на електрична енергија

3. Датум на издавање на лиценцата
07.07.2014г

4. Датум на важење на лиценцата
07.07.2049г

5. Евидентен број на издадената лиценца
ЕЕ – 165.01.1/14

6. Број на деловниот субјект – 5246822

7. Единствен даночен број – 4030998353131

8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши
Како енергетска дејност производство на електрична енергија на енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во фотонапонска електроцентрала, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

9. Локација на вршење на енергетската дејност
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во фотонапонска електроцентрала „ФВЕЦ 45 kW “ на КП бр. 2518/1 во КО Илинден, Општина Илинден.

10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност
Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

12. Права и обврски за носителот на лиценца

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштвото за трговија на големо и мало и инженеринг услуги ЕЛЕКТРОЛАБ ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Руди Чајавец бр. 10/1-13 Скопје, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;
- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и
- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- за заштита при работа;
- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година;

15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

17. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

18. Квалитет на услугата

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

19. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

20. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

Прилог 2

1. Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:

1. име на фотонапонска електроцентрала – „ ФВЕЦ 45 kW “;

2. локација на фотоволтаичниот систем на дистрибутивната мрежа приклучок одТС 10/0.4 кV/kV бр.1177;

3. општи податоци:

- година на почеток на градба – 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем – 45 години,

4. податоци за опрема:

- број на фотоволтаични модули – 250 x 180 W,
- тип, производител и номинални податоци на фотоволтаичниот модул –JC250M-24/Bb;
- Номинални податоци на фотоволтаичниот модул:
- Моќност на модул: 250 Wp,
- Напон на модул: 37,4 V,
- Струја на модул: 8,83 A,
- Вкупна инсталирана моќност: 45 кW.

5. тип, производител и номинални податоци на инвертор –TRIO 27.6-TL-OUTD-S2X-400, Power one;

- Номинални податоци на инвертор:
- Максимална моќност на инвертор: 2x28.600 W

6. годишно сончево зрачење на таа локација – 4.490 kWh/m2;

7. очекувано производство на електрична енергија – 64 MWh – годишно

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2014102